# Никој ништо повеќе не ми вети од *- живот вечен*

Повеќето ме прашаа - зошто се одлучи за монах? Тоа беше во времето кога, како искусен истражувач што дотогаш видел купишта докази за православието, мислев дека веќе ништо не може да ме изненади, мојата планинско-поместувачка вера се зацврстуваше согласно исихастичкиот и догматски православен етос ... И така својски ги продолжив своите истражувања..., го замразив, уништив својот живот во светот со цел да го здобијам *вистинскиот живот*. Одговорот на прашањето е овој: никој ништо повеќе не ми вети од - *живот вечен*. Понатаму во текстот ќе видиме дека други ми ветуваа многу „повеќе". Патот е Тој, слободната волја е таа.



Јеромонах д-р Григориј Настески

Кај човекот постои различно вредносно расудување. Разликата е во разумноста. Разумниот човек се адаптира на светот, неразумниот човек настојува светот да го прилагоди на себеси. Едните се адаптираат, другите ги адаптираат другите, а третите (православните) умираат за светот. Оттука прогресот зависи од неразумниот човек, а православието се одржува од оние што ги умртвуваат своите страсти, кои дејствуваат преку светските влијанија. Голем број од луѓето не се свесни, или поточно тие се изманипулирани од редовниот технолошки и информатички развој.

Токму судирот меѓу овие два света ќе предизвика економска и општествена катастрофа. Овие два света се наоѓаат на противставени страни на спектарот и нивната *коегзистенција е невозможна* - или со Бога или со мамона.

Времето не менува ништо, само луѓето. И, ако погледнеме наназад, станува совршено јасно дека планот за категориите *време* и *покајание* ќе се изврши.

Глобализацијата е жив песок, колку повеќе ја употребува својата моќ, толку повеќе станува понеопходна и непоповратна (иреверзибилна). Не смееме да престанеме да повторуваме дека не е разумно да се изедначуваат сегашната длабока патолошка состојба и неприспособеноста на целокупниот човечки систем со некаква циклична криза или со преодни проблеми. Национализмот можеби и не е проблем, сите издиференцирани нации ќе бидат национално задоволени, но зависноста ќе се рефлектира кај ресурсите - ресурсите се тие што ќе тераат на зависност (учењето, културата, финасиите и потрошувачката). Ако глобализацијата донесе редукција на овие ресурси, луѓето може (но и не мора, зависно од изборот) да се впуштат кон лесно остварување на првиот степен на духовниот живот - очистување од страстите, бидејќи „природно" нема да имаат можност да се насладуваат со задоволствата. Ова е возможно, само ако својот живот го променат во живот и надеж на спасението од Господ Исус Христос, инаку немањето доволно ресурси за живот, неминовно, луѓето ќе ги приклони кон пристапување и зависност од тие (или тој) што ќе ги поседува ресурсите. Ако глобализацијата донесе изобилство од ресурси (светска благосостојба), во тој случај зависноста ќе се вкоренува преку хедонизмот - стратегија на функционирање на човештвото далеку од Христос, негово духовно и морално пропаѓање: дрога, порнографија, музика, лезбејство, хомосексуалност, абортирање... па преку информациска револуција во чиј врв се наоѓа заситеноста од настани, што е вистински опиум за бесцелните маси. Создавањето на серија од кризи, а потоа

„решавање" на тие кризи, би го збунило и деморализирало човештвото до таа мера што, пред прекумерниот избор, би дошло до масовна апатија. Тоа е пред-фаза на благосостојбата. Промената во светот е засекогаш (до исполнување на законот и пророците). Промената создава проблеми: а проблемите бараат решенија: решенијата пак, создаваат нови промени. Главно е луѓето да бидат убедени дека некоја светска сила ги решава сите проблеми. Кога ќе се реши една група проблеми, ќе се појави друга. Можноста да се изврши општествена и политичка контрола над поединецот, во овој случај ќе биде набргу можна, преку контролата врз ажурираната документација на секој поединец во централниот компјутер. Но и тоа е лажната страна на монетата. Тоа што јавно ни се дава како податок, знаење и информација, сигурно не е вистината, туку само подготовка, ментален модел со кој подоцна секој човек лесно може да прифати разно-разни глобални решенија за човештвото. Оркестрирана промена на човештвото се случува многу побрзо кога на човекот ќе му се создаде голем интерес за прилагодување, трансформација со цел подобро да реагира на новонастанатите промени во екстерната средина, од една страна, а од друга, преку агенциите за креирање на јавно мислење се тврди дека без прифаќање на глобалните промени ќе бидеме изолирани од развојот на променливата средина, која пак е единствен услов за успех - доколку ги прифатиме нејзините услови за „успех" (централно диктирани промени). И така, тоа претставува повторлив циклус на прифаќање на новосоздаденото учење и креирање на услови за заборавање на наученото. Што се однесува, пак, до управувањето, деморализирани и информациски збунети луѓе многу полесно го прифаќаат ненадејното појавување на некој голем водач кој им ветува дека ќе ги реши сите проблеми, а гарантира добро општество во кое ќе владее целосна вработеност и отсуство на внатрешни немири. Понатаму, можностите за биохемиска контрола над мислите и генетскиот инжинеринг на човекот - би можеле да отворат многу тешки прашања и дилеми за православниот човек. Сите сили се свртени против нас. Од животна важност ни е да знаеме кој ни е непријател.

## *Глобализацијата создава ресурсна зависност кај човекот*

Агенциите за испитување на јавното мислење, различните политички и бихевиористички институти создаваат инкрементални иновации, промени во свеста, однесувањето и културата, го кондиционираат светот за следните случувања. Човекот станува информациски еуфорик. Човекот ја усвојува информацијата во готов вид, и тоа во таков вид каков што им одговара на некои. Народот денес верува дека е добро информиран, но тоа што не го разбира е дека мислењата за кои верува дека се негови, всушност се создадени во истражувачките центри и експертските тимови - односно никој од нас не е слободен да има сопствено мислење, мисловните органи на личноста се допрени од бихевиористичките институти кои го креираат кондиционирањето на настаните во светот. Контролата оди дотаму што, без прашања, инкрементално ќе го прифатиме речиси секој акт на глобализациските текови. Светот не е составен од поединечни и неповрзани сили. Процесот на долгорочно кондиционирање се извршува со помош на светската култура, која создава креативна тензија глокално (глобално и локално). Интернационализацијата креира или води заедничка култура во светот, чија суштина се состои од преовладување на самозадоволството.

Социјалните инжинери треба човекот да го навикнат на промени, што одвај би се забележало кога навистина би се случиле длабоки промени. Поделен, се чини, е и најинхерентниот елемент кај семејството - патријархатот, кој е уништен како најголема пречка за напредокот на „културата". Сите се плашат да ѝ се спротивстават на културата, бидејќи ќе бидат „осудени на неуспех". Тоа што е најстрашно е систематски организираниот напад против човечката личност. Духот на времето има свое средство, тоа е културата (право на свое мислење). Таа дејствува преку околината, од која, а не од личните подвизи, зависи сè: сè што се прави, не прави човекот; туку средината, како медиум, сè прави преку човекот. Средината, премолчно прави сè, ги дозволува сите пороци, сите злодела, сите престапи - бидејќи сè што бидува, бидува по законот на неопходноста. Тоа што пред 20 години беше вџашувачко, сега е нормално; зголемена е стапката на разводите; стапката на убиствата, виртуелна порнографија ... итн.



Марјан Ѕин, од серијата плакати "globalisatiON"

Сево ова е поврзано со избраниот стил на живеење. Овде е потребно да дадеме дефиниција за слободната волја. Таа е неуништливо својство на човекот, дадено од Бога, на секој поединечно. Но постепеноста, а тоа е суштината на анти-христовото влијание, може да направи од нас заробеници, луѓе заробени од страстите и воопшто човештво кое ќе се најде во многу понезавидна ситуација од разбојникот на крстот. Тоа во смисла дека, толку многу влијанието ќе биде вкоренето во нашето однесување, што слободно ќе се оддалечиме од животот во Црквата и од Христос. Како крајна состојба, слободната волја „ќе нема" повеќе избор како што имаше разбојникот на крстот. Соодветен пример за нас православните е: при мал духовен пад, па колку тешко ни е да си ја повратиме изгубената Божја благодат. На пример, со тоа што сме ги повредиле блиските, колку време е потребно за да го спознаеме направениот грев и да се вратиме во нормална духовна рамнотежа. После само еден духовен пад, стануваме многу кревки, несигурни, колебливи, збунети до таа мера што ни е потребна поголема цензура за да го вратиме „односот" со ближните и со Бога. Духот на нашето време е суптилна измама на цивилизацијата, прогресот, културата и нивните аксиоми на самоодржување. Затоа денес потребен е дар за разликување на духовите, дар православен, дар подвижнички, за човекот да може да се пробие преку хаосот на денешницата. И, многу интересен момент ќе биде, кога сите ние, издиференцирани научници, ќе се сретнеме околу Престолот на судот Божји.

Христос се јави како најреволуционерен „бунтовник" против духот на Своето време. И после дваесет и еден век, Тој се јавува како најречит протест против духот на времето, *против кнезот на овој свет* (Јован 14, 30). Светот толку залута од Бога, што со него завладеа кнезот на темнината, кнезот на злото, духот на гневот и на противењето. Крајно време е да се промени мерилото - не е човекот мерка за сè, туку Богочовекот, Кој е Христос.

Како што погоре беше речено, промената во светот е засекогаш (до исполнување на законот и пророците). Промената создава проблеми, а проблемите бараат решенија. И сè така, циклусот треба да донесе оддалечување од Вистината. Можноста да се изврши општествена и политичка контрола над поединецот, како што рековме, ќе биде можна, доколку влеземе во вртлогот на последователните итерации (приближувања), односно оддалечувања од Христос. Со проблеми ќе престанеме да се среќаваме само кога нема да има повеќе промени, само кога самоволно ќе се откажеме од светската понуда, а тоа ќе се случи само тогаш кога ќе бидеме ... *мртви за светот*, кога светот нема да има влијание врз нас. *Напиши, блажени се мртвите кои од сега умираат во Господа!* (Откр. 14, 13).

Рајот, изгубената вечност и втората - вечниот живот, вратен со искупителната Крв на Спасителот на светот, тоа е нашата единствена мотивација и преокупација на враќање на Божјиот образ кај човекот. Таквите акции бараат авторитет, а токму тоа ни недостига повеќе од сè друго. Постоењето на отци кои го поседуваат дарот на умносрдечната молитва, со сигурност нè прави спокојни за последните денови, нè прави сигурни за нашиот избор да бидеме мртви за светот, сигурни во нашата непоистоветеност со светот и сигурни во изолацијата на светските промени, кои под негово духовно раководство, каде и да е, ќе бидеме далеку од светските глобални промени и поблиску до Христа. *Зашто, какво општување постои меѓу правдата и беззаконието? Што општо има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што општо има меѓу верник и неверник?* (2 Кор.14-15).

Инаку, не можеме да бидеме контролирани од никакви глобални решенија, сè додека не се побара од нас (православните) да исполниме некакви услови за да ни бидат достапни контролираните светски ресурси. Значи, никакви лични документации, лични кодови, немаат влијание, освен преку нас, преку нашата напаѓана слободна волја за да прифати и влезе, на пример, во Светскиот совет на црквите или слично. *Ете, ти дадов врата отворена, и никој не може да ја затвори; ти имаш мала сила и сепак го запази словото Мое, и не одречувај се од името Мое* (Откр. 3, 8).